МАКЕДОНСКО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА ПРИ РАБОТА
МАКЕДОНСКИ ILO/CIS КОЛАБОРАТИВЕН ЦЕНТАР

MACEDONIAN OCCUPATIONAL SAFETY AND HEALTH ASSOCIATION
MACEDONIAN ILO/CIS COLLABORATING CENTRE

Датум: 15.06.2020 година

МАКЕДОНСКО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА ПРИ РАБОТА
бр. 0302/32
15.05 2020
СКОПЈЕ

**До: Г-дин Орхан Рамадани, директор**

Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија

Почитувани,

Во услови на присуство на КОВИД 19 во нашата земја, а со цел превенција од ширење на зараза, голем дел од компаниите како дел од превентивните мерки за заштита од истиот, ја воведоа и организационата мерка - **работа од дома**.

Тргнувајќи од барањата на националното законодавство кое е на сила (на ден 14.06.2020 точно на полноќ заврши вонредната состојба) се наметнаа повеќе прашања за реалната можност од практичната промена на истите.

За таа цел, до Македонското здружение за заштита при работа, најстаро професионално здружение на национално ниво, кое 50 години работи и делува во областа на безбедноста и здравјето при работа, од разни социјални чинители пристигнаа бројни прашања кои се обидовме да ги срочиме во следново прашање:

1. Дали доколку се случи повреда при работа, дома во тек на распоред на работното време согласно налогот за работа или договорот за работа помеѓу работодавачот и работникот, ќе се третира како повреда при работа согласно Законот за пензиско и инвалидско осигурување?

Забелешка: Согласно чл.3, став 1, алинеја 5 од Законот за безбедност и здравје при работа – „Работно место" е секое место наменето за извршување на работа лоцирана во просториите на работодавачот или во некоја привремена или подвижна работна локација до која вработениот има пристап во текот на неговата работа и која е под директна или индиректна контрола на работодавачот.

Ве молиме за писмен, јасен, прецизен и применлив одговор во корист на непречено финкционирање на компаниите и задржување на работните места.

Однапред Ви благодариме за одвоеното време и остварената соработка

Со почит,

**М-р Милан ПЕТКОВСКИ**

Македонско здружение за заштита при работа

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
FONDI PËR SIGURIM SHËNDETËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT SHKUP

| Примено: Pranuar: | 15 ЈУНИ 2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. Njës. Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojca: | Вредност: Vlera: |
| | 15 ЈУНИ 2020 | | |

Востаничка бр.2 | П.Ф. 908 | 1000 Скопје, Македонија | Тел/Факс: 389 (0)2 2774 868
E-mail: kontakt@mzzpr.org.mk | Web: www.mzzpr.org.mk